# Казнено право

| Прилог бр. 3 | | Предметна програма од прв циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **КАЗНЕНО ПРАВО** | | | |
| 2. | **Код** | **50804** | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Правни студии | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно - институт, катедра, оддел)** | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Прв | | | |
| 6. | **Академска година /семестар** | Втора година / втор семестар | **7.** | **Број на ЕКТС-кредити** | 8 |
| 8. | **Наставник** | **Проф. д-р Никола Тупанчески,** редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>**Проф. д-р Александра Груевска – Дракулевски,** редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>**Проф. д-р Александра Деаноска – Трендафилова,** редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | Согласно Одлука за правила на студирање на Правниот факултет „Јустнијан Први“ во Скопје, УКИМ | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):**<br>Целта на изучувањето на овој предмет е студентите да се стекнат со елементарни познавања од обласа на казненото материјално право. За таа цел предвидено е студентите да се стекнат со знаења за општиот поим на казнено право како гранка на правото и како правна наука, а ќе знаат правилно да ги определат и основните функции и начела на казненото право. Студентите ќе се стекнат со продлабочено знаење за централниот предмет на казненото право – казненото дело и неговите конститутивни елементи (дејствие, предвиденост во законот, противправност, вина и казна). Студентите ќе знаат што претставува поимот дејствие и кои дејствија влегуваат во кругот на дејствија на извршување на казнени дела, а кои дејствија се исклучени од него, што значи предвиденоста во законот односно законското битие на делото, неговата поделба и неговите карактеристики. Ќе знаат да ја дефинираат противправноста и да ги утврдат основите за нејзино исклучување, како што се на пример институтите: крајна нужда, нужна одбрана, дело од мало значење итн. Понатаму, студентите ќе се стекнат со конкретни познавања за поимот на вина и нејзиниото степенување, а ќе се запознаат и со системот на санкции во кој спаѓаат казната, алтернативните мерки, мерките на безбедност и воспитните мерки. Студентите ќе се запознаат и со правните последици кои произлегуваат од осудата, поимите за рехабилитација и начинот на бришење на осудата од казненоправната евиденција, а ќе добијат и поопширни знаења за институтите застареност, амнестија и помилување. Исто така, од студентите се очекува да прават дистинкција помеѓу различните стадиуми на извршување на казненото дело (подготвителни дејствија, обид и довршено дело), како и помеѓу различните форми на учество на едно лице во извршувањето на делото (извршител, соизвршител, соучесник). Предвидено е преку обработката на некои од одделните казнени дела од посебниот дел, студентите да се стекнат со најбазични знаења за заедничкиот објект на заштита кај секоја група казнени дела, посебниот објект на заштита кај секое дело, ќе знаат да ги прецизираат конститутивните обележја на објективното неправо, елементите на субјективното битие на делото, извршителскиот круг и да ги анализираат различните облици на секое дело. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:**<br>Казненото право е научна дисциплина која ги изучува позитивното казнено право и неговите основни начела, институти и казнено – прани забрани, врз кои го гради сопствениот категоријален систем.<br>Предметот на казненото право, како гранка на позитивното право, претставува систем на норми со кои определени човекови поведенија се прогласуваат за казнени дела, за тие дела се пропишуват казни и други присилни санкции од страна на државата и се утврдуваат условите и начините за нивна примена. Негова основна задача е да ги заштитува основните интереси и добрата на луѓето од човековите поведенија прогласени за кривични дела. | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Врз основа на сето погоре наведено, целината на општиот дел од казненото право е поделен на три дела.<br>Во *првиот дел* се систематизирани темите кои се однесуваат на казненото право и казнениот закон; *вториот дел* се однесува на казненото дело и на казнената одговорност на сторителот и, конечно, *третиот дел* од казненото право е оној во кој се обработени темите од казната и другите правни последици на казненото дело.<br>**Детална структура на програмата:**<br>**Недела бр.1:** Поим и функции на КП; Развитокот на КП и КП-наука и Развитокот на македонското КП;<br>**Недела бр.2:** Основни начела на казненото право; Казнениот закон и неговото важење;<br>**Недела бр.3:** Поим на казненото дело; Дејствие;<br>**Недела бр.4:** Предвиденост во законот; Противправност;<br>**Недела бр.5:** Вина; Стадиуми на извршување на умислено казнено дело;<br>**Недела бр.6:** Учество на повеќе лица во казненото дело; Стек и продолжено казнено дело;<br>**Недела бр.7:** Систем на казнено-правни санкции; Системи на казни; Казни; Судско одмерување на казната;<br>**Недела бр.8:** Алтернативни мерки; Мерки на безбедност; Конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети;<br>**Недела бр.9:** Правни последици, рехабилитација и бришење на осудата; Застареност, амнестија и помилување;<br>**Недела бр.10:** Основи и граници на одговорноста на правните лица; Казни и други санкции за правните лица; Повторување/општ дел;<br>**Недела бр.11:** Одбрани поглавја од посебниот дел (во договор со професорите);<br>**Недела бр.12:** Одбрани поглавја од посебниот дел (во договор со професорите). | | | | |
| **12.** | **Методи на учење:**<br>Материјата е поделена во 12 тематски единици по 5 часа. За секоја тема на студентите однапред ќе им биде посочена соодветна литература за подготовка на часот и нивно активно вклучување во интерактивна настава.<br>Наставата ќе се одвива преку предавања и вежби, подготовка на презентации и мини-истражувања и слични проекти, посета на соодветни институции или посета на гости предавачи од соодветни институции зависно од темата на часот, учество на семинари и сл. | | | | |
| **13.** | **Вкупен расположив фонд на време** | 160 | | | |
| **14.** | **Распределба на расположивото време** | 75+0+5+5+75 | | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | **15.1.** | **Предавања - теоретска настава** | 75 | |
| | | **15.2.** | **Вежби (лабораториски, аудиториумски), семинари, тимска работа** | 0 | |
| **16.** | **Други форми на активности** | **16.1.** | **Проектни задачи** | 5 | |
| | | **16.2.** | **Самостојни задачи** | 5 | |
| | | **16.3.** | **Домашно учење – задачи** | 75 | |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | | |
| | **17.1.** | **Тестови** | 70 | | |
| | **17.2.** | **Индивидуална работа/проект ( презентација: писмена и усна)** | 20 | | |
| | **17.3.** | **Активност и учество** | 10 | | |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови/ оценка)** | до 50 бода | 5 (пет) (F) | | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (А) |
| **19.** | **Услов за потпис и за полагање завршен испит** | Услов за полоагање на завршен испит е колоквиум, кој се смета за положен преку активности на наставата во првите 6 недели.<br>Колоквиумот се полага на начин што согласно насоките на предметните професори и соодветната тема која се обработува на часот, студентите учествуваат со свои активности при што земаат учество во дискусиите на предавањата, решаваат практични примери во рамките на самата настава и сл.<br>Положениот колоквиум се нотира во индексот на студентот. | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **22.** | **Литература** | | | | | |
| | **22.1.** | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | **Реден број** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Камбовски, В. | „Казнено право – општ дел“ , четврто изменето и дополнето издание | Правен факултет, Скопје | 2011 |
| | | **2.** | Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М. | „Кривично право, општ дел“, седмо, изменето и дополнето издание, | Просветно дело АД Скопје | 2016 |
| | | **3.** | Камбовски, В., Тупанчески, Н. | „Казнено право-посебен дел“, петто изменето и дополнето издание | Правен факултет, Скопје | 2011 |
| | | **4.** | Тупанчески, Н. | Кривичен законик - Интегрален текст- Предговор, кратки објаснувања и регистар на поими | Стоби трејд | 2020 |
| | | **5.** | Wessels, J., Beulke, W. | „Кривично право – општ дел; кривични дела против личните и заедничките вредности“ (Наслов на оригиналот: „Strafrecht-allgemeiner teil, Die Straftat und Ihr Aufbau“, | | Скопје, 2009 |
| | **22.2.** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Реден број** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Камбовски, В. | Коментар на кривичниот законик на Република Македонија | Клуб Матица | 2015 |
| | | **2.** | | | | |
| | | **3.** | | | | |